Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 21.01.2022

На 21.01.2022 во 01.30 часот на подрачјето на Аеродром полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.В.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (21.01.2022) во 05.50 часот на ул.„Јадранска магистрала" полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(29) од Скопје. Тој се барал со судска наредба за доиздржување на казна затвор во времетраење од две години и три месеци. С.И. бил спроведен во Казнено-поправната установа „Идризово" за доиздржување на казната.

На 20.01.2022 од полициски службеници на СВР Охрид е лишен од слобода П.С.(35) од Охрид. Тој бил затекнат при извршување кражба од плац лоциран на ул.„7 Ноември" во Охрид. Лицето е приведено во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (21.01.2022) во 05.05 часот на Граничниот премин „Табановце", при влез во државата, лишен е од слобода Е.Х.(27) од гостиварски Добри Дол. По извршена проверка од страна на полициските службеници било констатирано дека за него била распишана потерница за издржување на казна затвор поради сторени кривични дела. Тој бил приведен во полициска станица по што ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 20.01.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 8 прекршоци, од кои 7 надвор од населено место и 1 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 1 за непропишно паркирање.

На 20.01.2022 во 19.44 часот било пријавено дека на крстосницата од бул.„Партизански одреди", ул.„Московска" и ул.„Љубљанска", патничко возило „цитроен ц4", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ѓ.(22) од Скопје удрило во пешаците Л.Д.(24) од Радовиш и В.Н.(24) од с.Раклиш, радовишко. На местото на несреќата починала В.Н., а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Со телесни повреди се здобил Л.Д., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од страна на Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 20.01.2022 во периодот од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола над возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, 30 возила биле упатени во Станица за технички преглед, а неправилности биле констатирани кај 9 од нив, од кои 5 во Струмица и 4 во Радовиш. Во најголем број од случаите, односно кај 7 возила била констатирана неисправност на уредот за запирање. За сите констатирани прекршоци се изречени соодветни санкции.

На 20.01.2022 во 21.10 часот било пријавено дека на регионалниот пат Куманово–Свети Николе, во близина на „Проевски мост", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел корса", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(34) и патничко возило „тојота", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Б.З.(53), двајцата од Куманово. Во несреќата, Б.З. се здобил со тешки телесни повреди, а Д.А. се здобил со телесни повреди, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 20.01.2022 во 14.35 часот во Полициската станица Чаир, Г.З.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Скоевска" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 20.01.2022 во 17.00 часот полициски службеници од Полициското оделение Теарце ги лишиле од слобода М.Б. (33) и А.Ф.(31), двајцата од тетовско Теарце, кои претходно биле фатени при транспорт на огревни дрва без соодветна документација. Лицата се задржани во Полициска станица Тетово за понатамошна постапка, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 20.01.2022 во 19.40 часот во Полициската станица Карпош, Л.Т.(74) од Скопје пријавила дека на ул.„Пресека" била касната од куче скитник.

На 21.01.2022 во 11.15 часот полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции и странци Куманово при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле од слобода Х.Х.(31) од Индија, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „криумчарење на мигранти". Имено, околу 01.30 часот во село Речица, кумановско, биле пронајдени 10 лица мигранти од Индија, а по извршениот службен разговор било утврдено дека Х.Х. илегално ги пренесувал мигрантите од Република Србија до Република Северна Македонија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава. Лицата мигранти биле пренесени во Прифатно-транзитниот центар „Табановце".

На 20.01.2022 во 18.50 часот Д.З.(37) пријавил дека во с.Држилово, скопско, по претходно недоразбирање околу сообраќајот, бил физички нападнат од Е.Х.(28), и двајцата од с.Држилово. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗППЈРМ.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.В.(43) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.01.2021 во Скопје, од страна на полициски службеници, бил извршен претрес при што кај пријавениот биле пронајдени и одземени амфетамин, пиштол „црвена застава" калибар 7,65 и два куршума.

На 20.01.2022 во 09.40 часот било пријавено дека во временскиот период од 14.01. до 18.01.2022 на ул.„Македонија" во црквата „Константин и Елена" со употреба на сила било влезено во црквата и биле одземени предмети. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.01.2022 во 16.30 часот Ф.Д.(39) од Скопје пријавил дека на 19.01.2022 околу 23.00 часот на подрачјето на Центар неговиот син и неговата другарка биле физички нападнати од неколку малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.01.2022 во 10.30 часот О.Ц.(52) од Скопје пријавил дека околу 08.30 часот со закана му биле одземени пари од страна на патници кои со такси возилото ги превезол до с.Визбегово. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.01.2022 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во периодот од 12.01. до 15.01.2022, на гробиштата во с.Кучково, скопско била оштетена надгробна плоча. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе четири кривични пријави против четири сторители Р.А.(48) од Скопје, И.Б.(50) и Ф.Т.(35), двајцата од Прилеп и Ј.А.(46) од Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторени осум кривични дела „фалсификување на исправа" и „непостапување според здравствени прописи на време на епидемија". Во периодот од 22.02.2021 до 26.02.2021 година, на Граничниот премин „Деве Баир", пријавените приложиле фалсификувани ПЦР тестови.

На 21.01.2022 во 03.20 часот било пријавено дека на подрачјето на Чаир на бензинска пумпа три лица физички ги нападнале З.Б.(21) и Ј.А.(23), вработени во пумпата и одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет